| | |
|---|---|
| Предмет | ОСНОВИ НА КИНЕЗИТЕРАПИЈА |
| Студиска програма | Тригодишни стручни студии за дипломиран физиотерапевт |
| Код: | СФ-211 |
| Студиска година | Втора |
| Семестар | Прв |
| Вкупно часови | 30 |
| Кредити | 2 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Исполнет услов за запишување во втора година |
| Изведува: | Катедра по физикална медицина и рехабилитација |
| Одговорен наставник | Проф. д-р Ериета Николиќ-Димитрова |
| Адреса: | Завод за физикална медицина и рехабилитација, ул. Елисие Поповски бр. 28, Скопје, тел. +389 2 3176 584, e-mail:enikolic@medf.ukim.edu.mk |
| Клучни зборови | Студии за физиотерапевти, професионални предмети, кинезитерапија |
| Учебни цели | ✓ Да стекнат основни принципи на примената на кинезитерапијата во терапија и профилакса во процесот на медицинската рехабилитација<br>✓ Да се здобие со знаења за позитивното дејство на кинезитерапијата на психичката и социјалната состојба на болните<br>✓ Да се запознаат со методите на кинезитерапијата<br>✓ Да се запознаат со средствата во кинезитерапијата<br>✓ Да се оспособат за тестирање на функциите во кинезитерапијата<br>✓ Да ја сфатат кинезитерапијата како тераписка процедура, со свои индикации и контраиндикации<br>✓ Да ја поврзат ефикасноста на кинезитерапијата во взаемност со другите физикални агенси |
| Кратка содржина | Теоретска настава (15 часа):<br>✓ Местото на кинезитерапијата во физикалната медицина и рехабилитацијата<br>✓ Биолошко дејство на кинезитерапијата врз локомоторниот, нервниот, кардиоваскуларниот, респираторниот и дигестивниот систем<br>✓ Дејството на кинезитерапијата врз психичката состојба на болниот, социјалната и професионалната положба на болниот<br>✓ Цели на кинезитерапијата<br>✓ Средства на кинезитерапија (видови вежби)<br>✓ Принципи на кинезитерапијата<br>✓ Дозирање во кинезитерапијата<br>✓ Почетна положба за изведување на вежбите<br>✓ Опрема за кинезитерапија<br>✓ Методи на следење и евиденција во кинезитерапијата<br>✓ Рекреативна гимнастика и кинезитерапија низ спортски активности<br>✓ Координација на движења, моторно учење и основи на фацилитациските техники |

<table>
<tr><td></td><td>Практична настава (15 часа):<br>-Обука на физиотерапевтот за практична примена на основните знаења од кинезитерапијата<br>-Обука на физиотерапевтот за примена на средствата во кинезитерапијата<br>-Контракција и релаксација<br>-Употреба на реквизити во кинезитерапијата<br>-Контрактури и нивно совладување со вежби</td></tr>
<tr><td>Организација</td><td>Теоретска настава: 15 часа<br>Вежби: 15 часа</td></tr>
<tr><td>Методи на учење</td><td>Предавања, вежби</td></tr>
<tr><td>Предвидени учебни резултати</td><td>Знаење и разбирање:<br>Студентот ќе се стекне со знаење за средствата и принципите во кинезитерапијата, како и ќе научи за потребните реквизити што се применуваат во кинезитерапијата<br>Клучни вештинии:<br>Студентот ќе умее да ги аплицира знаењата од основите на кинезитерапијата во натамошно подготвување на план за кинезитерапија во превенцијата и лекувањето на различни заболувања</td></tr>
<tr><td>Специфични препораки за настава</td><td>Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности, вклучително и учеството во континуираните проверки на знаењето за да добие потпис.<br><br>Бодирање на активностите на студентот:<br><br><table><tr><th>Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr><tr><td>Теоретска настава*</td><td>7.5-15</td></tr><tr><td>Практична настава**</td><td>7.5-15</td></tr><tr><td>Континуирана проверка-1</td><td>45-70</td></tr><tr><td>Вкупно:</td><td>60-100</td></tr></table><br>* присуство на теоретска настава:<br>51% - 60% - 7.5 бода;<br>61% - 70% - 9.5 бода;<br>71% - 80% - 12 бода;<br>81% - 90% - 13 бода;<br>91% -100% - 15 бода.<br><br>** практична настава: секоја вежба носи 1 бод (15 вежби):<br>присуство - 0.5 бода<br>активност на вежба - 0.5 бода<br><br>Континуирана проверка (колоквиум):<br>Студентот е потребно редовно да ја посетува теоретската и практичната настава за да пристапи на континуираната проверка.<br>Проверката е писмена (тест со повеќекратен избор).<br>Студентот задолжително се јавува на колоквиум, во спротивно не стекнува право на потпис на крајот на семестарот.<br>Студентот е должен да освои минимум бодови (60%) од континуираната проверка, во спротивно, се јавува на комплетен завршен испит.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | **Завршен испит:**<br>Нема. Доколку студентот го положи колоквиумот, се оформува целосната оценка.<br><br>**Комплетен завршен испит:**<br>Студентот полага комплетен завршен испит ако не освоил минимум бодови (60%) на колоквиумот. Испитот претставува колоквиум што не е положен.<br>Доколку студентот не го положи неположениот колоквиум, нема право на оформување на оценка.<br><br>**Оформување на целосната оценката:**<br>Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на **збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ја и континуираната проверка.**<br><br>ВОНРЕДНИ СТУДИИ:<br>Се изведуваат 40% од предвидената теоретска и практична настава.<br>**Испитот се изведува во ИСПИТНИ СЕСИИ и се состои од:**<br>- тест со повеќекратен избор<br>Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на **збирот на бодовите добиени од сите активности.** |
| Учебни помагала | Основни:<br>-Авторизирани предавања од Катедрата<br>-Фичорска Д. Кинезитерапија. Општ дел. Просветно дело, Скопје, 1994<br>-Вуловиќ Д. Основи кинезитерапије. Клиника за рехабилитацију. Београд, 2001<br>-Јевтиќ М. Клиничка кинезитерапија. Универзитет у Крагујевцу. Медицински факултет. Крагујевац, 2001. |